# ДЕЈАН АНГЕЛОВСКИ

## САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА



# ЗАРОБЕНИ МОМЕНТИ



ОУ Дом на култура
Крсте Мисирков - Свети Николе
ноември 2025

# Дејан Ангеловски

Моментите што ги зачувуваме преку нашите фотоапарати се неповторливи – тие се случуваат само еднаш и не можат да се вратат. Со помош на фотографијата ги чуваме најсреќните и највеселите мигови, но понекогаш и најтешките. Преку објективот се обидуваме не само да документираме, туку и да раскажеме приказна – онаа што ја издвојува фотографијата од обичното „замрзнување“ на времето.

На изложбата со наслов „Заробени моменти“, авторот Дејан Ангеловски нѐ запознава со неколку успешно започнати циклуси, кои, верувам, во иднина ќе бидат развиени како посебни самостојни изложби. Од нив, би издвоил два циклуса што особено оставија силен впечаток.

Првиот е циклусот што јас би го нарекол „Човекот во просторот“. Авторот, преку вешта употреба на различни визуелни елементи и необични агли, успева да го постави човекот во однос со просторот на начин што фотографијата прераснува во вистинска уметност. Особено впечатлива е контрастната обработка, која ги истакнува клучните детали и го насочува вниманието на гледачот кон суштината на приказната.

Вториот циклус, посветен на сенките, претставува најмистичниот дел од изложбата. Силуетата како форма нуди минимум информации, но максимално поттикнува имагинација. Таа остава простор гледачот да развие сопствена интерпретација и лична приказна.

Фотографиите на Дејан Ангеловски се технички и композиционо прецизни. Авторот го покажува своето одлично владеење со фотоапаратот, а посебно впечатлива е неговата вештина во креирањето визуелна рамнотежа преку ликовната композиција.

Искрено се надевам дека овие два циклуса во иднина ќе ги видиме како самостојни изложби, зошто навистина го заслужуваат тоа.

**Глиор Максимовски ФА1 ФСМ AFIAP**

## Листа на изложени дела

1. Silueta 2020-01
2. Bisera 01-2025
3. Bisera 02-2025
4. Bisera 03-2025
5. Bisera 04-2025
6. Bisera in labyrinth
7. Concert 2018-01
8. Concert 2018-11
9. Concert 2019-04
10. Concert 2019-08
11. Concert 2019-11
12. Concert 2019-12
13. Curiosity
14. Fabrika 01
15. Fabrika 03
16. Fabrika 04
17. Bisera in labyrinth 02
18. Fotograf vo Akcija
19. Fotografija
20. Bisera in labyrinth 03
21. Bisera in labyrinth 04
22. Most
23. Bisera in labyrinth 05
24. Pride
25. Pavlikeni
26. Portret 2020-1
27. Portret 2020-3
28. Povtoruvanje
29. Senka 01
30. Shadows and light
31. Bisera in labyrinth 06
32. Bisera in labyrinth 07
33. Ulica 01



Most

**Издавач:** Зружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово
**Уредник:** М-р Мирољуб Голубовски
**Текст:** Глигор Максимовски, М-р Емилија Тоциновска и Д-р Стојче Тоциновски
**Печати:** Зружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово
**Copyright:** Зружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности - МОТУС Куманово©
**Графички дизајн:** Глигор Максимовски
**Тираж:** 60 примероци; **Година на издавање:** 2025
**Организациски одбор:** М-р Мирољуб Голубовски, Дејан Ангеловски и Глигор Максимовски




**SENKA 01**

Фотографот Дејан Ангеловски преку својот објектив ќе каже„Светот претставува место на различни култури, моменти и места во кои луѓето секојдневно ги повторуваат своите навики и ги извршуваат своите обврски.“ Неговиот визуелен јазик е прецизен до стремеж кон совршенство и педантност, доловувајќи го карактерот на ликовите и нивниот израз на моментални чувства а сè друго го криево позадина каде што секоја несовршеност е темнина.„Фотографијата е првенствено монохроматски процес и целата нејзина уметничка убавина се темели на фини меѓусебни односи на тонови и вредности“ напишал Алфред Штаглиц, а тоа го гледаме и во делата на Дејан Ангеловски. Тоа се дела со силна атмосфера каде од темнината излегува парче светлина, модели наместени според желбата на фотографот за добра композиција, поместувајќи ги границите на креативноста што се гледа преку добриот кадар.

**М-р Емилија Тоциновска и Д-р Стојче Тоциновски**

ЗАРОБЕНИ МОМЕНТИ



BISERA IN LABYRINTH 02



BISERA IN LABYRINTH 07



Bisera in labyrinth



Bisera in labyrinth 03

# ДЕЈАН АНГЕЛОВСКИ



Concert 2019-04



Concert 2019-08



Concert 2019-11



Bisera 01-2025



Bisera 02-2025



BISERA 03-2025



BISERA IN LABYRINTH 04



POVTORUVANJE



ULICA 01



Дејан Ангеловски (Куманово, Северна Македонија, **1983**) активно се занимава со фотографија од **1996** година. Веќе следната, **1997** година, добива диплома на Деновите на македонската фотографија одржани во Струмица. Неговитефотографии биле изложувани на повеќе од **50** изложби (интернационални,републички, клубски и самостојни). Дејан Ангеловски е добитник на бројнинагради и признанија.

Во периодот од **2005** до **2014** година бил секретар на Фото кино клубот Козјак одКуманово, а во периодот **2014-2022** година ја извршувал функцијата претседател на клубот.

Дејан Ангеловски е член на Фото сојузот на Македонија (ФСМ), каде што го носи звањето **Ф1** на ФСМ (фотограф од прва класа), а во рамките на **FIAP** го носи меѓународното звање **Artist FIAP (AFIAP).**

Во моментот, тој е одговорен за Фото клубот МОТУС, кој делува во рамките наЗдружението за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски вредности МОТУС од Куманово, Северна Македонија.



**Shadows and light**






CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

77.04(497.7)(06.064) Ангеловски. Д.

АНГЕЛОВСКИ, Дејан
Дејан Ангеловски : самостојна изложба на уметничка фотографија
Заробени моменти : ОУ Дом на култура Крсте Мисирков - Свети Николе :
ноември 2025 / [текст Глигор Максимовски, Емилија Тоциновска и Стојче
Тоциновски]. - Куманово : Здружение за промоција на интелектуални,
мултикултурни и спортски вредности Мотус, 2025. - [12] стр. : фотографии; 21 см

Слика и белешка за уметникот: стр. [11]

ISBN 978-608-5081-04-2

а) Уметничка фотографија – Македонија – Изложби

COBISS.MK-ID 67513093